РАЗГОВОР НА ИЗЛОЖБА

# ДРАГАН ПОПОСКИ:

# Благородната тема војник

Во салонот на работничкиот дом-универзитет во Скопје дниве е отворена изложба на скулптури на Драган Поповски — Дада. Оваа изложба, на која се покажани дваесетина експонати, всушност е прва изложба на Поповски во Скопје и воопшто прва самостојна изложба. Досега Поповски, како член на УЛУС има излагано во Белград во 1962, 1963, 1964 и на III и IV Октомвриски салон. Учествувал и на првиот ваjарски симпозиум во Прилеп.

На изложбата во Скопје Попоски прикажува осум визии на средновековен војник.

— Можеби Самоиловите војници биле обични селани, но јас, вакви какви што се на скулптурите ги гледам во мојата визија: вооружени со штитови, имаат оклопи и кациги. Подолго работам на таа тема, не можам да ја оставам, и од фигура до фигура расчистувам непотребни елементи, некои детали. Ги замислив во една мирна поза со еден мал расчекор, горди, иако биле најбрутално измачувани. Темата војник кај нас не е обработувана. Јас на неа уште долго ќе работам. Мислам да отворам една изложба на Самоилови војници во Охрид, доколку ми биде овозможено.

— Прво направив мала скулптура на војник, — ни рече Попоски, на прашањето како дојде на идеја да ја користи оваа неексплоатирана тема во скулпторската уметност кај нас. — Потоа направив голема, висока 2 метра, што ја прикажав на I изложба на парковска скулптура на УЛУС. Таа скулптура сега се наоѓа во Современата галерија во Белград. Беше успешна и тоа ме охрабри да работам на темата војник. На оној Самоилов војник.

Драган Попоски — Дада пред една година ги заврши пост-дипломските студии на Ликовната академија во Белград. Оттогаш работи во Скопје.

— *Вие немате ателје. Каде настанаа овие скулптури?*

— Во ателјето на Митриќески. Митриќески, иако има лоши услови за работа, ме прими в ателје, како што го прими и Борче Николоски. Во момент кога се најдовме такаречи незгрижени единствено тој ни помогна. Би рекол и тоа: во Скопје има ателјеа кои не се користат, и кои никој не може да ги даде на употреба на оној кој работи.

— *Работите во дрво и гипс. Што ја одредува определбата за материјалот?*

— Самиот материјал. Овде имам само три скулптури во дрво. Немам простор на можност да работам во дрво. Митриќески работи дрво, и јас чекам да биде ослободена и тезгата и алатот за да можам да работам. За тоа имав малку време.

О. Сп.

27.V.65 V.M